ТЕМПЛУМ

ЛИФТ Бр. 1
ЈАНУАРИ '95

ЦЕНА
70 ДЕН.

# ЛИФТ

СТРИП - СЛИКИ И ЗБОРОВИ



## НАЦИ КОМИНТЕРНА ВО ОПАСНОСТ!



СТАНКОВСКИ/ВУЛКАНСКИ
ЛАБРИС...

РИЧАРД САЛА
ТРИНАЕСЕТТЕ ПРСТИ

ЧЕСТЕР БРАУН
ЕД СРЕКНИОТ КЛОВН

ЏУЛИ ДОКЕТ
ЛИФТАЦИЈАТА РОБЕРТ

СИНИША ЦВЕТКОВСКИ
КАПИТАЛИЖАМ

ИСТОРИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ СТРИП

SIGNED BY WAR

СПИСАНИЕ ЗА ПОСТ-ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ

# ЗА СОДРЖИНИТЕ НА ОВОЈ ЛИФТ






СТАНКОВСКИ ВУЛКАНСКИ
ЛАБРИС... 4

РИЧАРД САЛА
ТРИНАЕСЕТТЕ ПРСТИ 20





ЧЕСТЕР БРАУН
ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН 28

ЏУЛИ ДОКЕТ
ЛИФТАЏИЈАТА РОБЕРТ 55





С. ЦВЕТКОВСКИ
КАПИТАЛИЖАМ 61

ИСТОРИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ СТРИП 69






ПОТПИШАНО СО ВОЈНА 76


*Стрипот "Лабрис, тунел на стравот и ужасот", настануваше од 1990 до 1993, досега има околу 800 страни-табли и, колку што знам јас, сѐ уште не е завршен. Околу тоа прашање (крајот) постои една суптилна академска разлика меѓу неговите создавачи, А. Станковски и П. Вулкански. Имено, додека Станковски тврди дека крајот е само една бедна класицистичка конвенција, Вулкански (непоправливо фабуларен) тврди дека иронијата е мајка на уметноста, т.е. дека историјата е иронија е уметност е нарација, па консеквентно, заслужува черечење сѐ што не е среќен или трагичен крај...*

*Инаку, "Лабрис..." наскоро би требало да излезе (завршен или не) во три книги, и нам навистина ни беше деликатно да одлучиме дали да оди во* **Лифт** *(аргументи* **против:** *1. монструозно е голем; 2. трисетина страни веќе излегоа во мртовецот (нек гние таму длабоко!) Мак-стрип; аргументи* **за:** *1. многу високи стандарди на изведба, и во цртачка и во текстуална смисла, а притоа екстремно неконвенционални; 2. ниту овде ниту било каде имало нешто слично; 3. тоа во Мак-стрип и не беше промоција туку масакр, тотален технички дилетантизам, и "што се однесува до мене, тоа не ни постои; некој шапирограф се обидел да го имитира стилот-Станковски, но јас имам многу поснажен отисок" /изјава на Станковски/). Јасно дека одлучивме да оди, а кога фамозните книги (финансирани од фамозниот Сорос) конечно ќе излезат, тогаш ќе одлучиме дали ќе го прекинеме излегувањето на "Лабрис..." во* **Лифт**.

*Вториот стрип е дело на Ричард Сала, еден нестереотипен автор чие име често го гледаме во пореномираните (стрип?!)часописи:* Prime cut's, Comics Journal, ROW...

*Третиот стрип, Среќниот Кловн на Честер Браун исто така ќе оди во продолженија (пет или шест, сега за сега, а потоа ќе го замени супер-фамозниот Маус). Честер Браун инаку е Канаѓанец, околу него веќе се плете фина мрежа на фанови и тој набрзо ќе стане класика, како што веќе одамна тоа е Роберт Крамб, чии стрипови ќе ги обележат барем првите пет-шест броја на Лифт (почнувајќи од следниот број). Континуирано (во десетина броеви) ќе излегува и Историјата на американскиот стрип, која скоро да е Историја на светскиот стрип затоа што Америка (што и да дрдорат овие новиве шминкерчиња по Франција-Италија-Шпанија) е супериорно број еден кога станува збор за стрипот. Во првиов број ја имате и Џули Докет, радикална, млада, жена, сѐ параметри кои апсолутно ќе имаат приоритет во овој постмодернистички фанзин, а башка што нејзиниот главен лик во стрипот е Лифтаџија!*

*Abbe Buzoni*



# ВРЗУВАЧ НА СВЕТОВИ

Како прво, **Лифт** е нешто што ги поврзува световите, долни и горни. "Андерграундот" со "естаблишментот". Маргиналците со историските икони. Лифтот е оној што ја испресекува геолошката, социјалната, било која стратификација. Водич низ деветте кругови. Овој пак е уште попосебен: има прозорчиња. И низ него ќе гледате сешто, од дождовни глисти до Дина-црви, од Мики Маус (на Ворхол?) до Наци Коминтерна, цел еден комплексен, диверсифициран, без централни точки, но со многу јазли, точки на сечења - простор. Всушност, често (во овој **Лифт**) ќе се случува пејсажот (просторот) со прост блесок, миговно, да го распостеле "Лифтот" во еден маниристички пејсаж, па она што било горе не само што ќе биде долу, туку и лево и десно и озгора трансупстанцијализирано, како што велат умните алхемичари. Токму тука некаде, меѓу Жил Верн и Дерида, меѓу Данте Алигаторот и **ROW** (најдобриот стрип-часопис на сите времиња), меѓу чата и пата, меѓу нас и вас, меѓу нас и нив, меѓу мене и вас, меѓу одблеснатите мене во куќата за смеење - ќе се шетка овој **Лифт**, ќе качува и симнува, ту во улога на доупизирана игла што продира, ту ко некаква старовремска тенекија што одвај се влече.

Како второ, самиот **Лифт** е сегментиран, речиси ко филм, само што овде го имате она фамозно "чкрип" кога се менуваат сликичките, кога се застанува, кога се отвораат вратите (во филмот се синхронизира; и нема шевови, за разлика од овде, од овој многу понаивен илузионизам; но и опасен, кога еднаш ќе се залепите за "наивноста"). Да речеме: зоетрап со четири сликички; или една печатена верзија на laterna magica... Како и да е, инсистирам на поврзаноста со филмот (дури и звуковно: **Лифт**-Филм): како некакво иронично враќање назад, ДЕКОНСТРУКЦИЈА, дури. Не само на сликички, туку и на зборови (и тоа како!) и на звуци... **Лифт** ко примордијална супа, згодно за Флен О Брајан или таква некоја ексцентричност. ***Трака, каиш, траса, трага***... - ете уште неколку структури што гравитираат кон моите делумно одлепени (тоа е сосема особена колажна техника!) зборчиња, **Лифт**, филм...



Како трето, Лифтот е вештачки, со себе носи како една веќе патинирана технологија така и некои футуристички навестувања за еден свет во кој и Лифтовите ќе бидат нелинеарни, дисконтинуирани, а ние само ќе дремеме и со рибини очи ќе си се гледаме низ аквариумите. Фина слика, но за жал асоцира на еден друг, до мачнина малограѓански и измиксуван со гоблени и лажен стилски мебел и забарски насмевки и спикерска луцидност - Аквариум, на нашата македонска култура, што (телевизијата) нѐ води во четвртата причина...

Во недостаток на било какви поавтентични културни медии, богами ни останува да ги создадеме.

И пар зборови за домашниот стрип: ќе се обидеме да го држиме тука некаде кај 20-25% од вкупната содржина, иако, знаете, ситуацијата овде е очајна и со многу потрадиционални авторски форми, а занимавањето со стрип (плус онанија, плус дрога, плус останување по 11 часот) е кралски пат кон домот за деликвенти. Како и да е, од мрачните канџи на лектирството, ќе се обидеме да грабнеме по некое душиче, па како биде...

*Пандалф Вулкански*


**ЛИФТ** *Templum*

***Главен и одговорен уредник:***
**Пандалф Вулкански**
***Графички уредник:* Небојша Гелевски**
***Компјутерска обработка:* КОМА**
**Адреса: ул. Ал. Мартулков 13, Скопје**
**Тел. (091) 317-008, 31-11-22**

***Насловна страна:* Александар Станковски**
***Превод на стриповите:* Венка Симовска, Дијана Арсовска**

СПОНЗОР:
ХУМАНИТАРНА ФОНДАЦИЈА СОРОС
МАКЕДОНИЈА


"Мене не ме придвижија интелектуалците, туку работниците и селаните..."
"Многу по деновите и годишните времиња и суштествата и земјите", во своето необично уредено засолниште, детективот Наци Коминтерна се одмара.
Ненадејно, засвонува телефонот...
Здраво, Бахус? Гледам еден архивски филм од својата колекција господине.
Да, слободен сум. Можам да прифатам. Со соодветна цена, јасно.


BOARDING
No
TERBORH
ИЛЈАДНИЦИ МИЛЈИ ПОДАЛЕКУ, ГОСПОДИНОТ БАХУС ГИ ИСПРОБУВА КОМБИНАЦИИТЕ НА СПЕЦИЈАЛНАТА ПЛОЧА ШТО ГО ПРЕТСТАВУВА НЕГОВОТО ОПЕРАТИВНО ПОЛЕ НА РАБОТА, ЖИВОТИТЕ НА МНОГУБРОЈНИТЕ СУШТЕСТВА КОИ СЕ ВАКА ИЛИ ОНАКА ПОВРЗАНИ ВО СТРАОТНАТА МРЕЖА ЧИИ ШТО ЈАЗЛИ ЕДИНСТВЕНО ГИ КОНТРОЛИРА МОЌНАТА ТАЈНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТО ЈА ВОДИ БАХУС, ЧОВЕКОТ КОЈ ШТОТУКУ ЗБОРУВА СО ПОЗНАТИОТ ДЕТЕКТИВ КОМИНТЕРНА.


"По набљудувањето на некоја слика во боја и по свртувањето на погледот, во мозокот се јавува накнадна слика во комплементарна обоеност!" Го знаеш тоа?! Всушност, сакам од тебе, Наци, да ми го донесеш закопаниот документ. Се сеќаваш? Толку години...


"Како сонот на еден човек можеше да стане сад исполнет со агонијата од будност на друг човек", мој драг Патрокло?!
БАХУС ЈА ЗАТВАРА СЛУШАЛКАТА, ВРАЌАЈЌИ ИМ СЕ ПОВТОРНО НА МЕДИТАТИВНИТЕ ИГРИ СО СВОЈОТ ЉУБОВНИК ПАТРОКЛО.
ДОДЕКА СЕ ПОДГОТВУВА ЗА (НОВАТА?) ЗАДАЧА, ДЕТЕКТИВОТ КОМИНТЕРНА СЕ ОБИДУВА ШТО ПОПРЕЦИЗНО ДА СЕ ПРИСЕТИ НА ТОЈ СТАР НЕРАЗРЕШЕН СЛУЧАЈ, ОД КОГО ОСТАНА САМО НЕЈАСНИОТ ДОКУМЕНТ ВО КОВЧЕЖЕТО...
Ја погодив со три куршуми, а таа...
...ЗАКОПАНО, СПОРЕД ПОСЛЕДНАТА ЖЕЛБА НА ЕДНА БЛАГОРОДНА ДАМА, НА ОДРЕДЕНО ТАЈНО МЕСТО КОН КОЕ ИТА НЕУМОРНИОТ НАЦИ КОМИНТЕРНА..


ДЕТЕКТИВОТ КОМИНТЕРНА
СЕ СЕЌАВА НА ТОГАШНИТЕ
НОВИНСКИ НАСЛОВИ: НА
ТЕЛАТА НА ЖРТВИТЕ УБОДИ
КАКО ОД СЛОНОВСКИ ЗАБИ!
ИЛИ: БОРБА ЗА РЕЦЕПТАТА
ШТО ЈА УМНОЖУВА
СТВАРНОСТА!
Мојот единствен неразјаснет случај...
ЗА КРАТКО ВРЕМЕ, ДЕТЕКТИВОТ НАЦИ ПРИСТИГНУВА НА ОДРЕДЕНОТО МЕСТО...
...ЈА ЗЕМА ЛОПАТАТА И ГО ОТКОПУВА ТАИНСТВЕНОТО КОВЧЕЖЕ...
...СО МИСТЕРИОЗНИОТ ДОКУМЕНТ.
ОТКАКО ЌЕ СЕ ВРАТИ ВО СВОЈОТ АПАРТМАН, КОМИНТЕРНА ПОВТОРНО, ПО ТОЛКУ ВРЕМЕ, ВНИМАТЕЛНО ГЛЕДА ВО ОНА ШТО НИ ТОГАШ НЕ МУ БЕШЕ РАЗБИРЛИВО:


Slika 3.
Na slici »Majka koja češlja svoje dete« devojčica, s loptom u rukama, [redacted] pripija uz majčino koleno
[redacted] da joj ona dotera frizuru. Majčin [redacted] za Terborhove ženske likove: zabačeno
čelo, još jače naglašeno zbog zategnute
punačka usta i kratka uvučena brada.
širi preko dorućja stolice, kako bi
majke i deteta vidimo na Terborhovoj [redacted] jednoj od [redacted] malobrojnih slika sa
prizorom pod vedrim nebom.
Tabla 7.
Na slici »Žena koja ljušti jabuku« (oko 1650) jedna malo koloristički naglašena mrtva priroda
zauzima levu polovinu plohe. Na stolu zastrtom plavim prekrivačem stoji srebrni svećnjak, kakav
se ponavlja i na nekoliko drugih Terborhovih slika
jedna otkotrljala na sto. Oljuštena, uvijena kora jabuke visi preko ivice stola, kao one ljuske od voća
na slikama holandskih majstora [redacted] Iza stola stoji kćerčica sa ogromnim šeširom na glavi
ukrašenim pantljikama i perjem, i [redacted] gleda u majku. Izmedju majčinog kratkog crnog ogrtača
i jednostavne sive suknje prosijava žut, [redacted] opervažen kaputić. U desnom donjem uglu ivica slike
[redacted] belim platnom koje visi iz korpe. Ravnomerno
svetlost pojačava [redacted] lagodne, prisne domaće atmosfere.
Tabla 8.
Odelo na njemu nije izrazito vojničko, ali sablja na buretu, koje služi kao sto
doba. Obojeni glineni krčag i [redacted] predmeta na polici u pozadini male odaje
oskudni nameštaj. [redacted]
koje simbolično naglašavaju meditativnu
osoba često se, bar u izvesnim crtama, svode na neku odredjenu ličnost, pa su stoga na
portreta ili već [redacted] u njegovu vlast, pošto [redacted] ne zahteva obavezno neko
konvencionalno-svečano držanje, ne može, isto tako, da bude zaodenut u ruho
ili neke mitološke predstave.
važi za Terborha, [redacted] u poslednjim godinama njegova stvaranja, kada, na
mlade dame portretira kao pastirice. Uopšte uzev, njegovi portreti su, razlikujući se
nekim tananostima slikarskog [redacted] neizmenjeno, isti stil:
neutralne pozadine stoji obavezno tamno odevena osoba u tročetvrtinskom profilu,
kao cela figura ili samo do kolena; jedino je u mladosti Terborh naslikao nekoliko
U docnijim godinama nešto je više obuhvaćena i prostorija. Svi portreti su mnogo ispod
prirodne veličine.
Retko kad se prikazana osoba obraća nekim gestom posmatraču. Ruke većinom odbojno i čvrsto
odeću uz telo. Mišice i šake ponekad sasvim iščezavaju pod ogrtačem, kao što je to slučaj na
Slika 1.
umetnikovom autoportretu. To je utoliko čudnije što umetnik svoju profesionalnu
delatnost označio ni najvažnijim »alatom«, rukama koje uobličavaju, ni slikarskim
paletom. Pred nama ne stoji umetnik, već imućan, ugledan gradjanin Deventera, koji je, reklo bi se,
već predodredjen za zvanje [redacted] veoma negovane
spoljašnosti, koji oštro, ozbiljno odmerava pogledom posmatrača. Budući da je uz ovu sliku postojao
i pandan, iščezli portret slikareve supruge, i ako se uzme u obzir i približna starost lika, može se
pretpostaviti da je portret nastao ubrzo posle 1654. godine umetnikovog venčanja.
13
ATLANTIS
7832102336626299707

Jednim autoportretom, koji je verovatno nastao u njegovim poznim godinama, Terborh nas ipak uvodi u oblast svoga životnog poziva. Slika je još predmet spora, ali, da je Terborh njen tvorac, govori, prvo, velika portretna sličnost, koja se od onog drugog autoportreta razlikuje samo po starosti, i, drugo – što je mnogo bitnije – slikarska obrada. Raznolike alegorije i simboli, koji su inače [redacted] njegovim [redacted], [redacted] ovde, prema [redacted] jednog starog kataloga, sledeći smisao. Terborhov učenik Kaspar [redacted] umeo je da konkuriše svome učitelju i da, istisnuvši ovoga, stekne blagonaklonost [illegible] princa (Viljema III). [redacted] slikom, [redacted] je ranije nazvana i »Terborhova osveta«, hteo je slikar da pokaže svoju nadmoćnost u slikarstvu i da se u isti [illegible] svom učeniku i oranskom princu. Doboš [redacted] da ukaže na Nečerov [redacted] za reklamu, a Nečer se pojavljuje na samom dobošu, sa paletom u levoj ruci, dok desnicom začepljuje [redacted] braneći se od zadaha fitilja što tinja ispod ruže: samohvalisanje smrdi. Na nogarima pred Nečerom vidi se ovčja glava s ludačkom [redacted] narandžaste boje (boja oranske [redacted]): aluzija na oranskog [redacted]. Zapaljena sveća u Terborhovoj ruci, sa pričvršćenim [redacted] i fragmentom nekog crteža, treba da prikaže kako je Nečer zahvaljujući Terborhu ugledao svetlost umetnosti. Slika 4.

Ova slika [redacted] kazuje o ne[redacted] idealnom o[redacted] izmedju [redacted] i učenika u slikarevoj [redacted] fazi, ali ne dopušta uvid u inače jedva uhvatljive crte umetnikovog bića. Ne [illegible]sredno, nego pomoću ironičnih alegorija Terborh, služeći se [redacted] najubojnijim oružjem, slikarstvom, vraća svog učenika na njegovo pravo mesto. Ne [redacted] nadmeno koliko samouvereno, i stoga spokojno, ocenjujući situaciju, on i [redacted] unosi u sliku koja, kako celim svojim simbolizmom, tako i u pojedinostima slikarske obrade – [redacted] izveštačeno držanje desne ruke – odaje manirističke crte, svojstvene i drugim poznim [redacted] Nijedan od [redacted] učenika nije mu bio dorastao, a još manje ga je nadmašio u majstorstvu; oni su, oslanjajući se u mnogome na njega – što je [redacted]iv znak nedostatka originalne stvaralačke obdarenosti – ostali samo [redacted].







Ало?
Ало, Ало?
Детективот Наци не ни насетува дека во добро утврденото засолниште успеал да се вовлече лошиот Шкорпиун...
...Со не баш умилкувачки намери кон Наци Коминтерна!
Токму во моментот кога Шкорпиун сака да го зададе решавачкиот удар...
...Се појавува спасоносната јамка на подот, старовремскиот трик (што го спасува животот!) на конзервативниот Наци Коминтерна.
Знаете ли што рекол Лукрециј?: "Пајажината те обвива додека одиш, а ти тоа не го ни забележуваш!" Гледам дека сте ја грицнале јадицата, господине Шкорпиун!


Ти, подмолен хибриду меѓу говедо и глушец! Нема да ти кажам ништо! Полесно ти е да ме убиеш!
Преминавме на "ти"?! В ред. Твој избор.
Пред да ти го шприцнам серумот на вистината, дозволи, будалест Шкорпиуну, одмерена анестезија!
TUMB


Наци Коминтерна го полни шприцот...
...И го забодува во Шкорпиун.
Прстите на секавањето сега ќе прочепкаат по твојата глава...
ЛАБРИС - до тоа треба да се стигне... Се што дознавам спуштам во сурлата на слонот во Зоо-градината... Незнам...
Што заради дрогата што поради прободувачките клинови од светлото и камерата,Шкорпиуно-виот полип од мозок набрзо се предава...


НАЦИ КОМИНТЕРНА ГЛЕДА ДЕКА ОД ШКОРПИУН ПОВЕЌЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОЗНАЕ...
ЗАТОА ЈА ПОВИКУВА ПОЛИЦИЈАТА И...
...ГО ЧЕКА НИВНОТО ДОАЃАЊЕ ЗА ДА ИМ ГО ПРЕДАДЕ ДРОГИРАНИОТ ШКОРПИУН.
Се чувствуваш како во утроба на маќеа!?
DING DONG
НА ЗВУКОТ НА ЅВОНОТО, МИСЛЕЈЌИ ДЕКА ПОЛИЦАЈЦИТЕ СТИГНАЛЕ, ДЕТЕКТИВОТ КОМИНТЕРНА И ШКОРПИУН ТРГНУВААТ КОН БЛИНДИРАНАТА ВРАТА, КОГА...


Кога вратата ќе се отвори, необично суштество со митралез запукува, не штедејќи ги куршумите! Во последен момент брзиот Наци Коминтерна нагло скока настрана и така си го спасува животот!
RATATA
RATATATATA


ПРИТАЕН ЗАД БЛИНДИРАНАТА ВРАТА ДЕТЕКТИВОТ НАЦИ ГО ЧЕКА СЛЕДНИОТ ПОТЕГ НА ПРОТИВНИКОТ...
ТУР
КОМИНТЕРНА, ИАКО ВЧУДОНЕВИДЕН, НЕ РАЗМИСЛУВА МНОГУ...
...ТУКУ ХРАБРО ЈА ЗЕМА ФРЛЕНАТА БОМБА...
...И МОЛНЕВИТО ЈА ВОЗВРАЌА КОН НЕПОЗНАТИОТ ПРОТИВНИК.
15.


Еден, или два мртовци?!!
Како переца од вистина, ми се чини, проектов; "само вистина и цела вистина, со дупка во вистината..."
ЗАШЕМЕТЕН КАКО РОЈ ПЧЕЛИ НА ЧАД, КОМИНТЕРНА ВНИМАТЕЛНО СТАНУВА И НАСЛУШНУВА, ЗА ДА ГО ОНЕВОЗМОЖИ СЛЕДНОТО ИЗНЕНАДУВАЊЕ.


Овде јас гледам траги на приближно еден труп... По влакната се чини дека се тоа мустаќите на Шкорпиун!?
ВНИМАТЕЛНО, ЗНАЕЈЌИ ДЕКА СУШТЕСТВОТО СО МИТРАЛЕЗ ПРЕЖИВЕАЛО, НАЦИ СЕ СПУШТА НИЗ СКАЛИТЕ НА АПАРТМАНОТ...
...И ИМА ШТО ДА ВИДИ!


"Смртта е само попотполн поредок на бескрајни одломки од самотија..."


THE THIRTEEN FINGERS
©1985 RICHARD SALA
ЗА МЕНЕ, СÉ ПОЧНА ПРЕД ШЕСТ ГОДИНИ КОГА МОЈОТ ВЕСНИК МЕ ПРАТИ НА "ЗАДАЧА" ВО ЕДЕН ПРИЛИЧНО СТАР ГРАД.
ВО БАРОТ ВЕДНАШ МИ СЕ ЗАКАЧИ ЕДЕН ТИП КОЈ БЕШЕ ЦВРЦНАТ. КОЛКУ ШТО ПОВЕЌЕ ЗБОРУВАШЕ, НЕГОВИОТ ГОВОР СТАНУВАШЕ ПОВЕЌЕ ИСПОВЕДНИЧКИ ОТКОЛКУ КОХЕРЕНТЕН.
УСПЕАВ ДА ГО ИГНОРИРАМ СÉ ДОДЕКА ТОЈ НЕ СПОМНА ЗА НЕГОВОТО ЧЛЕНСТВО ВО НЕШТО НАРЕЧЕНО "ТРИНАЕСЕТТЕ ПРСТИ" - ТОЈ РЕЧЕ ДЕКА ТОА Е ТАЈНО ДРУШТВО - И ДЕКА ТИЕ ЈА ИМААТ СВОЈАТА ГОДИШНА СРЕДБА ТОКМУ ТАА НОЌ.


ТОЈ НАГЛАСИ ДЕКА СЕТО КАЖАНО Е МОШНЕ ТАЈНО. СИРОТИОТ ТИП НЕМАШЕ ПОИМ ДЕКА ЈАС БЕВ РЕПОРТЕР.
ТИПОТ БЕШЕ МРТОВ ПИЈАН, ПА ЗАТОА СО НЕГОВАТА КОЛА, И СО ПОМОШ НА НЕГОВИТЕ УПАТСТВА, ГО ОДНЕСОВ ДОМА. ОТКАКО ГО СТАВИВ ВО КРЕВЕТ, ГИ ЗАБЕЛЕЖАВ - СÉ ЛЕЖЕШЕ УРЕДНО - МАПИТЕ, КАРТИТЕ СО ЧУДНИ СИМБОЛИ (ЧЛЕНСКА КАРТА?) И НЕКОЈ ВИД НА КАПУЉАЧА...
ZZZ
НАМИРИСАВ ПРИКАЗНА МНОГУ ПОИНТРИГАНТНА ОТКОЛКУ НЕШТАТА ПО МУЗЕИТЕ И КАФЕАТА.
ПРИСТИГНАВ ПРЕД НАЗНАЧЕНАТА ВРАТА, ЈА ПОКАЖАВ КАРТАТА И ВЛЕГОВ БЕЗ ТЕШКОТИИ.


НИЗ ЕДЕН ХОДНИК БЕВ ВОВЕДЕН ВО СОБАТА ЗА СРЕДБА КАДЕШТО ИМАШЕ ДВАЕСЕТИНА МАСКИРАНИ ФИГУРИ.
СЀ СЕ ОДВИВАШЕ ДОБРО ДО МОМЕНТОТ КОГА ТРЕБАШЕ ДА ЈА ИЗГОВОРАМ ТАЈНАТА МОЛИТВА. ТОГАШ БЕВ ОТКРИЕН.
МНОГУ ВРАКАВИЧЕНИ РАЦЕ МЕ ЗГРАПЧИЈА. СОБАТА МИ СЕ СВРТЕ. МИСЛАМ ДЕКА СЕ ОНЕСВЕСТИВ.


СЕ РАЗБУДИВ НЕШТО ПОДОЦНА ВО ЕДЕН ЕНДЕК, НЕКАДЕ НАДВОР ОД ГРАДОТ. НЕКОЈ МИ ГИ СПАКУВАЛ КУФЕРИТЕ. ИМАШЕ БЕЛЕШКА: БРИШИ ДОДЕКА СÈ УШТЕ МОЖЕШ. ПОТПИС, ПРИЈАТЕЛ. ОЧИГЛЕДНО, НЕ БЕВ ПОВЕЌЕ ДОБРЕДОЈДЕН ВО МАЛИОТ ЖИВОПИСЕН ГРАД.
ВРАЌАЈЌИ СЕ ДОМА, СЕ ШОКИРАВ КОГА ОТКРИВ ДЕКА МИНАЛА ЦЕЛА НЕДЕЛА - А ЈАС НЕ СЕ СЕЌАВАВ НА НИШТО.
ПО ВРАЌАЊЕТО ВО СТАНОТ, ЈА ЗАПИШАВ ЦЕЛАТА АВАНТУРА И СЕ ОБИДОВ ДА ЈА ПРОДАДАМ - НО НИКОЈ НЕ ЈА КУПУВАШЕ. НИКОЈ НЕ МИ ВЕРУВАШЕ. ОСОБЕНО ДЕЛОТ СО АМНЕЗИЈАТА.
НЕ СЕ ОБИДУВАВ ДА УБЕДАМ НИКОГО. НА НЕКОЈ НАЧИН МИ ОЛЕСНА ШТО НИКОМУ НЕ МОРАМ ДА МУ ЗБОРУВАМ ЗА ТОА. СЕТО ТОА БЕШЕ
ПРЕМНОГУ НЕПРИЈАТНО, НАВИСТИНА. ПРОДОЛЖИВ СО МОЈОТ ЖИВОТ И РАБОТА.


И ТАКА, ПО НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ, ДОБИВ АНОНИМНО ПИСМО:
ДАЛИ СКОРО СИ ЈА ПРОВЕРИЛ СВОЈАТА ШУПА?
МОЈОТ ЗАБАР ГО ИЗБРА СЛЕДНИОТ ДЕН ДА СЕ ЦИТНЕ НИЗ НАЈВИСОКИОТ ПРОЗОРЕЦ - СЛУЧАЈНОСТ?
ПОТОА СЕ СЛУЧИ ГАДЕН ПОЖАР НА МЕСТОТО КАДЕШТО РАБОТЕВ.
DONUT DEN
МОЖЕБИ ТОА БЕШЕ СЕРИЈА НА ГАДНИ НЕПОВРЗАНИ УБИСТВА - НО ДАЛИ БЕА НЕПОВРЗАНИ?


НА КРАЈ, ОТИДОВ ВО ПОЛИЦИЈА, НО ТИЕ ИМАА МАЛКУ РАЗБИРАЊЕ ЗА МОЈАТА ПРИКАЗНА.
МОЈОТ ПСИХИЈАТАР НЕ СЕ НИ ОБИДЕ ДА ГО СОКРИЕ СВОЈОТ ПОДСМЕВ.
ДУРИ И ЕКСПЕРТИТЕ ЗА КОНСПИРАЦИЈА МИСЛЕА ДЕКА СУМ ЧУКНАТ.
ПОЧНАА ДА МЕ МАЧАТ
НОЌНИ КОШМАРИ.


ПОТПОЛНО СЕ ПОВЛЕКОВ - НЕ СПИЕВ, РЕТКО ЈАДЕВ - СЕКОГАШ ЗАКЛУЧАН ВО МАЛАТА СОБА.
СОСЕДИТЕ И ПРИЈАТЕЛИТЕ ПОЧНАА ДА МИ ИЗГЛЕДААТ ГРДО И СОМНИТЕЛНО. МИ БЕШЕ СÈ ПОТЕШКО ДА ГИ ПОДНЕСУВАМ.
НА КРАЈ, МИ СЕ СМАЧИ ОД КРИЕЊЕ. ВО ЕДЕН ХРАБАР, ФАТАЛЕН МОМЕНТ РЕШИВ ДЕКА ЕДИНСТВЕНОТО РЕШЕНИЕ Е ДА СЕ ВРАТАМ НАЗАД И ДА СЕ БОРАМ. НА СВОЈОТ КАЛЕНДАР ГО ОБЕЛЕЖИВ ДАТУМОТ НА СЛЕДНАТА ГОДИШНА СРЕДБА НА "ПРСТЕСТИТЕ" - ОСТАНУВАШЕ САМО УШТЕ ЕДЕН МЕСЕЦ.
ПРЕСТОРУВАЈЌИ СЕ ВО ПАТУВАЧКИ ВЕНТРИКУЛИСТ, СЕ ВРАТИВ ВО ГРАДОТ КАДЕШТО СÈ ЗАПОЧНА, И НАПРАВИВ ВНИМАТЕЛНИ, ТАЈНИ НАБЉУДУВАЊА.


ГИ ЗАБОРАВИВ ЧЛЕНСКИТЕ КАРТИ, НО КАПУЉАЧАТА ЈА СКРОИВ ПО СЕЌАВАЊЕ. КОГА ПРИСТИГНА ГОЛЕМАТА НОЌ, БЕВ ПОДГОТВЕН.
СÈ БЕШЕ ТОЛКУ ПОЗНАТО - КАКО ВО СОН ШТО СЕ ПОВТОРУВА. ЛЕСНО МЕ ПРОПУШТИЈА.
ТОГАШ БЕВ ОДВЕДЕН, НИЗ ПАСАЖОТ, ВО СОБАТА ЗА СОСТАНОЦИ.
И КОГА - КАКО И ПОРАНО - ПОБАРАА ДА ЈА ИЗГОВОРАМ МОЛИТВАТА, УТВРДИВ ДЕКА ОВОЈПАТ ГО ЗНАМ СЕКОЈ ЗБОР, И ЈА ИЗРЕЦИТИРАВ БЕЗ ДВОУМЕЊЕ.
КАКО РЕЗУЛТАТ НА ТОА, ТОПЛО БЕВ ПРИМЕН ВО ГРУПАТА КОЈА СЕГА СЕ НАРЕКУВА "ЧЕТИРИНАЕСЕТТЕ ПРСТИ".
НЕ ЗНАМ КАКО ВООПШТО ДО СЕГА СУМ ЖИВЕЕЛ БЕЗ НИВ.
THE END


По првото објавување на Ед-срекниот кловн, на Честер Браун, многумина сметаа дека оваа приказна може да се дефинира како дрска фантазмогорија. Бидејќи сé во неа е соновидно, а уште повеќе поради нејзината импулсивност, храброст, инстинкт и не-самосвесна креативност, стана вообичаено таа да се категоризира меѓу "надреалистичките" дела.
На прв поглед, Ед изгледа како да нема структура, како налудничаво струење на со-дрога-индуцирани халуцинации. Но не дозволувајте да бидете излажани. Приказната не е празна. Универзумот на Ед има јак скелет, во кој субверзивните напади го погаѓаат дури и "најтврдиот" читател. Со меки удари и со силни потреси, Браун ги бранува нашите сетила, понекогаш растурајќи нé во парчиња од бес, а понекогаш милувајќи нé нежно.
Сепак, означувањето на Брауновото дело како "надреалистичко", е ограничувачко. Тој има свој посебен јазик, помалку лимитиран од надреалистите (кои и покрај сé беа заглавени во специфични политички и теориски контраверзи.) За Браун, апсолутно ништо не претставува табу. Тој се држи до вибрациите на сопствените изразито лични, екстремни и хаотични размислувања, што одѕвонува на начин ретко слушнат или виден порано.
ЧЕСТЕР БРАУН
ВОВЕД ВО ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН

# ЕД, СРЕЌНИОТ КЛОВН




2


ЖАЛ МИ Е ЕД, БОЛНИЦАТА ИЗГОРЕ И СИТЕ ЗАГИНАА ОСВЕН НАС ДОКТОРИТЕ.
ОХ.
ПА ДОБРО -- МОЖЕБИ ЌЕ ОДАМ ДА ГО ПОСЕТАМ ДОМОТ ЗА СИРАЦИ.
3


ОХ.
СЛУЧАЈНО СИ ЈА СКРШИВ НОГАТА!!


О НЕ!
АААЈЈ!


ГЛУВЦИ!!!


ВО ОВОЈ МОМЕНТ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СЕ ПОДГОТВУВА ДА ЈА ЗАПОЧНЕ СВОЈАТА ПРОГРАМА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ ГЛУВЦИ!
ПРОФЕСОРЕ, ТВОЈОВ ПЛАН Е ПРЕКРАСЕН.
5


ДОБРА Е ИДЕЈАТА ДА ДОНЕСЕМЕ ПИГМЕИ ШТО ЈАДАТ ГЛУВЦИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА ТРЕТИОТ СВЕТ ЗАГРОЗЕН СО ГЛОДАРИ.
ДА -- ЌЕ ГИ ИСФРЛИМЕ ОД АВИОНОТ ДОДЕКА ПРЕЛЕТУВАМЕ НАД ГРАДОТ!
ЕЈ ХО! ВЕ МОЛАМ ЗАСТАНЕТЕ НА ПОДОТ ПОКРАЈ ОНИЕ ВРАТИ!
ЗА ДА ВЛЕАТ СТРАВ ВО ГЛУВЦИТЕ ПОД НИВ, БЛАГОРОДНИТЕ ПИГМЕИ ИСПУШТАА ДИВИ ВОИНСТВЕНИ ВРИСОЦИ ЗА ВРЕМЕ НА НИВНОТО СПУШТАЊЕ!
ЕЕЕ!
ЕЕЕЈАААХ!
ЕЕЕЕК!
ГНАААА...
6


ЗА ОВА ПАНО НЕМА СЛИКА, НО ИМА НЕКОИ ЗВУЧНИ ЕФЕКТИ:
SPLUT
SPLAT
PLRTCH
ГА -- ГЛУВЦИТЕ ГИ НАПАЃАТ ОНИЕ МРТВИ БЕБИЊА!
JAC -- JAC СУМ СПАСЕН!
ХМ... ХМ... ПРОФЕСОРЕ, ИЗГЛЕДА ДЕКА НЕШТО ПОЈДЕ НАОПАКУ...
БЉАК! ПО ЃАВОЛИТЕ!!
CWOB 82
7


АВАНТУРИ ВО НАУКАТА
ПРИКАЗНИ ЗА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ КОИ ХРАБРО ГО ОБЛИКУВААТ СВЕТОТ НА ИДНИНАТА!
...OOOO...
"БЕВМЕ ВО ТЕШКО СРАЊЕ КОГА ИЗЛЕТА ПРОФЕСОРОВИОТ МОЗОК!"
БЕВМЕ НАЈМЕНИ ОД ПРОФЕСОРОТ ЗА ДА МУ АСИСТИРАМЕ ВО НЕГОВАТА СТУДИЈА ЗА ТЕХНИКИТЕ НА МАСТУРБАЦИЈА НА ЏИНОВСКИТЕ ЛИГЊИ.
"ПРОЕКТОТ БЕШЕ КАТАСТРОФА. ЛИГЊАТА ЕДНОСТАВНО НЕ ПОКАЖУВАШЕ НИКАКОВ ИНТЕРЕС ЗА СЕБЕСИ."
"ПРОФЕСОРОТ БЕШЕ ВО ОПАСНОСТ ДА МУ ГО ПОВЛЕЧАТ ВЛАДИНОТО ОДОБРУВАЊЕ."
"ЕДНА НОЌ ТОКМУ КОГА ПРОФЕСОРОТ СЕ ПОДГОТВУВАШЕ ДА СИ ЗАМИНЕ..."
ЗАПОМНЕТЕ ДЕКА ЛИГЊАТА Е ВО СОСТОЈБА НА СЕКСУАЛЕН БЕС.
НЕ ОБИДУВАЈТЕ СЕ ДА Ѝ СЕ ДОБЛИЖИТЕ!
8


"ИЗЛЕГУВАЈЌИ, ПРОФЕСОРОТ САМИОТ ДОТАКАЛ ПРЕБЛИСКУ ДО РЕЗЕРВОАРОТ НА ЛИГЊАТА."
ШТО БЕШЕ ТОА ЏОНС?
РЕКОВ ДЕКА ПРОФЕСОРОВИОТ МОЗОК ШТОТУКУ ИЗЛЕТА!
ЛУЃЕ, ПОДОБРО ДА ДОЈДЕТЕ ОВДЕ ДОЛУ... БРЗО!
ИСУСЕ!
ИСУСЕ!
СРАЊЕ!
ДАЛИ ТОЈ СТВОР ГО РАБОТИ ОНА ШТО ЈАС МИСЛАМ ДЕКА ГО РАБОТИ?
СРАЊЕ! СТВОРОТ ДРКА, А ПРОФЕСОРОТ ВЕЌЕ НЕ МОЖЕ ДА ГЛЕДА!
ЖИВОТОТ ПОНЕКОГАШ ЗНАЕ ДА БИДЕ ИРОНИЧЕН.
СЛЕДНО: МАДАМ КИРИ
IDEA: "DOCTOR M."
9


ЕДИ
ГРАВОТ
НЕ МЕ ТЕПАЈ.
ЕД, СРЕЌНИОТ КЛОВН
ЏЕК -- НЕМАМЕ ВЕЌЕ ХРАНА -- ЌЕ МОРА ДА ЈА ПРОДАДЕШ КРАВАТА!
ИСУСЕ БОЖЕ!
САМО НЕ КРАВАТА!
МУ
ЌУТИ!
ПРОДАДИ ЈА ИЛИ НЕМА ДА ЈАДЕМЕ!
МРМЉ, БРБЉ, БЛА, БЛА ...
МУ
МУ
И ДОДЕКА СИ НАДВОР НАЈДИ РАБОТА!!
МУ
НЕВЕРОЈАТНО...
...ДА ЈА ПРОДАДАМ КРАВАТА...
СКАЛИ
МУ
МУ
МУ
МУ
МУ
МУ МУ МУ
...ПОСЛЕ ТОЛКУ ГОДИНИ...
НА ДРУГО МЕСТО
АААА! ПРАЗНИНА!
10


ОХ!
САМО ДВА?
НЕ САКАМ ПАК ДА ЗАСПИЈАМ.
ШТО ДА ПРАВАМ!
КРИС Е ОБИЧНО БУДЕН ВО ОВА ВРЕМЕ.
ДОБРО ЕД -- ДОЈДИ.
МОЖЕШ ДА МИ ПОМОГНЕШ ВО БАРАЊЕТО ПИГМЕИ.
БИ МОЖЕЛ ДА ОДНЕСАМ НЕШТО АКО САКА ДА ЈАДЕ...
ХМ...САМО НЕКОЛКУ ГРАВЧИЊА
МУУУУ
МУУУУ
МУУУУ
МУУУУ
ШЕСТ ЧАСА И ОВАА ГЛУПА КРАВА СЀ УШТЕ НЕ Е ПРОДАДЕНА! СТАНУВАМ ФРУСТРИРАН!
САКАШ ДА КУПИШ КРАВА? ЏАБЕ.
ИМАМ САМО НЕКОЛКУ ГРАВЧИЊА.
ТВОЈА Е.
МУ
УАУ -- СЕГА ИМАМ МНОГУ ЗА ЈАДЕЊЕ.
САМО ШТО НЕ ЗНАМ КАКО ДА ЈА ПРЕТВОРАМ КРАВАТА ВО ХРАНА. МОЖЕБИ КРИСТИЈАН ЗНАЕ.
ЛАДНО МИ Е.
М-МУ


ЖЕНАТА НА ЏЕК НЕ Е БАШ ЗАДОВОЛНА СО ГРАВЧИЊАТА.
ТАЈЛИ!! НЕ!! ТОА Е ЦЕЛАТА ХРАНА ШТО ЈА ИМАМЕ!
АКО ТОЛКУ МНОГИ ГИ САКАШ ОДИ ДОЛУ И НАЈДИ ГИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈАТА!
МУУ-УУ-УУ
EJ--
КРАВО! КРАВО!! ВРАТИ СЕ КРАВО!!
АИЈА
КРАВО! КРАВО!! ЗАСТАНИ!!
А КАЈ КРИСТИЈАН
Драг Ед, жалам, огладнев и отидов во канализацијата. Кристијан
КО ДА ИМА ПИГМЕИ НАПРЕД?
12


ЧЕКАЈ МЕ!
ААА! МАЛИ КОПИЛИЊА!
ШТО Е ТОА ШТО ГО ЈАДЕТЕ?
ВАААА!
ОВА ЧУДО СЕ НИША!
ГРГР!
ХЕЕ
ХХХРР
ХА ХА
ЕЈ!
ПОМОШ!
ЕД Е ГОРЕ.
ГЛЕДАЈ -- КРАВА.
УУУУУУ!
АААAХ!
АЈ ДА ЈА ФАТИМЕ.
ДА.
АЈДЕ.
13


ВО МЕЃУВРЕМЕ, ФРАНКЕНШТАЈН ГИ ПОСЕТУВА ЏЕК И ТАЈЛИ.
ГРРРР!
ПУКАЈ! УБИЈ ГО!
БУМ БУМ
У-УУ-УХ...
ГРРРР
У-У-У УУХ УУХ
А А Х!
ОООФ!
МУ
ПОМОШ
ОООХ!... КАДЕ СУМ?
ДАЛИ ТОЈ ПИШТОЛ Е ПОЛН?
МОЖЕ ДА ГО УПОТРЕБАМ АКО НЕ ВИ ПРЕЧИ.
ААХ!
БЕГАЈТЕ ОД МЕНЕ!

14


ТИЕ БЕГААТ ОД НЕШТО.
КРИСТИЈАН!?
ШТО ПРАВИШ ОВДЕ?
ГИ БРКАВ ПИГМЕИТЕ АМА СЕГА САМО ГЛЕДАМ КАКО ДА НЀ СПУШТАМ ДОЛУ.
ДАЛИ Е ОВА ПОСЛЕДНАТА ОД МАЛИТЕ КРЕАТУРИ?
ДА.
BLAM
BLAM
ШТО БЕШЕ ТОА?
ШТО СЕ СЛУЧУВА?
КА -- КАДЕ СУМ?
ВО ОВОЈ ПРАВЕЦ ГОСПОДА.
AAAAAXXX
AAAAA
КУРШУМИТЕ НЕ ГИ УБИВААТ АМА ИМ ГИ ОМЕКНУВААТ МОЗОЦИТЕ.


ПОДОЦНА -- КАЈ КРИСТИЈАН
МИСЛИШ ДЕКА ТРЕБАШЕ БАРЕМ ДА ГО ЗАДРЖИМЕ ВСЕЛЕНСКИОТ БРОД?
АКО МОЖЕШЕ ДА СЛЕТАШ МОЖЕШ И ДА ПОЛЕТАШ, МОЖЕШ?
УХ - УХ, ЗЕМЈАНИТЕ ПРАВАТ САМО ПРОБЛЕМИ. НАЈВЕРОЈАТНО ВЕЌЕ ГО ПРОНАШЛЕ.
ЗАДОВОЛЕН СУМ СО ТОА ШТО ИСТРЕБИВ НЕКОЛКУ ПИГМЕИ.
ПА -- ОВА -- ДА НЕ ИМАШ НЕШТО ДРУГО ВО БЛИЗИНА
ДА
ЕВЕ МАЛКУ ЧИПС.
АААХ...
FUNTIME POTATO CHIPS
ВО МЕЃУВРЕМЕ ЏЕК БРЗА ДОМА.
ЛАДНО.
СИГУРНО И ДОМА Е ЛАДНО СО ОНОЈ СКРШЕН ПРОЗОР.
МУ
ИСУСЕ.
АЛО?
Џек. побеснав со Франкенштајн. Каков маж! Тајли
ИСУСЕ. ЛАДНО Е ОВДЕ
МУУ?
16



АВАНТУРИ ВО НАУКАТА
ШТО?
СЕ СНИМА.
ГОСПОДИН СКЕРИ ВУЛФ, РЕФЕРЕНТ ВО ТРАНСПОРТНАТА ФИРМА ОД ОНТАРИО, СЕ ШОКИРАЛ ОТКРИВАЈЌИ ГО ЛИЦЕТО НА ИСУС ВРЗ ОБИЧНО ПАРЧЕ СЕЛОТЕЈП. ОВДЕ Е ГОСПОДИНОТ ВУЛФ ЗА ДА ЈА РАСКАЖЕ СВОЈАТА НЕВЕРОЈАТНА ПРИКАЗНА.
ПА, ИМАВ ЕДЕН ПАКЕТ КОЈ ТРЕБАШЕ ДА ГО ИСПРАТАМ ПО ПОШТА И ЗАБЕЛЕЖАВ ДЕКА ИМА ЕДНО СКИНАТО ПАРЧЕ ВО ОБВИВКАТА И ЗА ДА ГО ЗАЛЕПАМ СКИНАВ. ПАРЧЕ ОД СЕЛОТЕЈПОТ И ТОКМУ ПРЕД ДА ГО ПРИТИСНАМ ГО ЗАБЕЛЕЖАВ ЛИЦЕТО.
"НИКОГАШ НЕ СУМ БИЛ РЕЛИГИОЗЕН НО ТОА БЕШЕ НАЈНЕВЕРОЈАТНОТО ИСКУСТВО ВО МОЈОТ ЖИВОТ."
СИГУРЕН СУМ ДЕКА БИЛО, ГОСПОДИНЕ ВУЛФ. ОВДЕ ИМАМЕ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИСТОТО ПАРЧЕ СЕЛОТЕЈП.
ИЗНЕНАДУВАЧКАТА СЛИЧНОСТ СО ПОПУЛАРНИТЕ ПОРТРЕТИ НА ХРИСТОС Е ОЧИГЛЕДНА НО ДАЛИ ТОА Е НАВИСТИНА ЛИЦЕТО НА ИСУС? ОДГОВОРОТ ГО ПОБАРАВМЕ ОД ДР. ЕРНЕСТ ПАСКАЛ, ПЕДИКИР ОД ЗАПАДНАТА ЗДРАВСТВЕНА КЛИНИКА ВО ТОРОНТО.
17



ПРЕД ДА ПРОСУДИМЕ ДАЛИ Е ИЛИ НЕ Е ОВАА - - УФ - - СЛИКА - - УФ - - НА - - УФ - - ЛИЦЕТО НА ИСУС ПРВО ТРЕБА ДА КОНСТАТИРАМЕ КАКВО ЛИЦЕ ИМАЛ САМИОТ ИСУС.
ИНАКУ НЕМА НИКАКОВ ДОКУМЕНТ КОЈ ОПИШУВА КАКО ХРИСТОС - - УХ - - ВСУШНОСТ ИЗГЛЕДА, ПА ПРИСИЛЕНИ СМЕ ДА ЗАКЛУЧИМЕ ДЕКА НЕМА НАУЧНА ОСНОВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ОВОЈ ЛИК КАКО ПРЕЦИЗНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ХРИСТОВОТО ЛИЦЕ.
БЛАГОДАРАМ, ДР. ПАСКАЛ, НО СЕПАК ОСТАНУВА ПРАШАЊЕТО КАКО ОВАА ЗАЧУДУВАЧКА СЛИЧНОСТ СЕ НАШЛА НА ЛЕНТАТА.
СЕ ОБРАЌАМЕ НА ГОСПОДИНОТ ФРЕД ЏОРЏ, ДИРЕКТОР НА ПРОИЗВОДСТВОТО ВО ФАБРИКАТА -- КАДЕ ШТО Е ИЗРАБОТЕНО ОВА СВЕТО ПАРЧЕ СЕЛОТЕЈП.
ГОСПОДИНЕ ЏОРЏ, ШТО ВЕЛИТЕ, ДАЛИ Е МОЖНО НЕКОЈ ИЗМАМНИК ДА ЈА НАЦРТАЛ СЛИКАТА ЗА ВРЕМЕ НА ПРОИЗВОДНИОТ ПРОЦЕС?
АХМ - - УХ - - ДА, ИАКО ИМАМЕ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРОТИВ ВАЌВИ АКТИВНОСТИ, ОДРЕДЕН БРОЈ ОД ВРАБОТЕНИТЕ СЕ ВО МОЖНОСТ ДА... ЦРТААТ СЛИКИ ИЛИ ДА ПИШУВААТ ПОРАКИ НА ЛЕНТИТЕ ДОДЕКА СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ.


18


НО ИСТО ТАКА БИ САКАЛ ДА КАЖАМ ДЕКА ОВОЈ ЛИК СЕ ЧИНИ ДЕКА Е ДЕЛ ОД ПРИРОДНИОТ СОСТАВ НА ЛЕНТАТА А НЕ СВЕСНО СОЗДАДЕН ОД - - УХ - - ЧОВЕЧКИ РАЦЕ.
И СО ОВА ЕКСПЕРТСКО МИСЛЕЊЕ ДОАЃАМЕ ДО ЗАКЛУЧОК ДЕКА ОВА Е ЧУДО НА МОДЕРНОТО ВРЕМЕ КОЕ НАУКАТА НЕ Е СПОСОБНА ДА ГО ОБЈАСНИ.
ЗЛОСТОРСТВО И КАЗНА
СО ЕД ФРЕЌНИОТ КЛОВН
ЧИТ ДУДЛ ЈА ЗАПОЧНУВА СВОЈАТА НОЌНА РАБОТА СО ОТКРИТИЕ.
БОЖЕ!! ТОА Е РАКА!
М-МОЈАТА РАКА.
ТОА Е МОЈАТА РАКА!
КАДЕ ВОДИ КРВАВАТА ТРАГА?

19


ДОК -- ДОКТОРЕ... ВИДИ...
ПСТ -- ИЗВРШУВАМ ДЕЛИКАТНА ОПЕРАЦИЈА.
НО ДОКТОРЕ ГЛЕДАЈ! МОЈАТА РАКА ИСПАДНАЛА!
ШТО?
ЧЕКАЈ ЧИТ -- ОВА НЕ Е ТВОЈАТА РАКА. ОВА Е ЛЕВА РАКА --
-- ВИДИ МОРА ДА СУМ ЈА ОТСЕКОЛ ОД ПАЦИЕНТОВ
НО ТОГАШ, -- КАДЕ Е МОЈАТА РАКА?
Е СЕГА, НЕ ЗНАМ, ЧИТ. МОЖЕ ЛИ ДА ЈА ПРАТИШ СЕСТРАТА ЛОКСЛИ ПОПАТ?
БИ ТРЕБАЛО ОВДЕ ДА МИ ПОМАГА СЕСТРА.
ВО МЕЃУВРЕМЕ ЕД ИМА НЕСОГЛАСУВАЊА СО НЕКОГО.
ЕБИ СЕ ПЕДЕРУ!
20


...ШМРЦ...
МО-МОЈОТ ЗАБ...
БУУУАААА!
ЕД ОДИ ДОМА.
ПА ПРЕТПОСТАВУВАМ ДЕКА АКО ГО ОСТАВАМ ПОД ПЕРНИЦА ЗАБОТ ЌЕ ГО НАЈДЕ САМОВИЛАТА.
...ШМРЦ...
...ШМРЦ...
ЧИТ ГО НАОЃА ПАТОТ ДО ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА.
POLICE
СЕ НАДЕВАМ ДЕКА ЌЕ МОЖАТ ДА МИ ЈА НАЈДАТ РАКАТА. ОФ -- ЛОШО СЕ ЧУВСТВУВАМ.
...ОФ...
СЛЕДНОТО УТРО.
21


АААААА!! РАКА!
ВО ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА...
ЕЈ ШЕФЕ, ВИДИ ШТО НАЈДОВ НАДВОР -- НЕМА ЕДНА РАКА.
OBEY YOUR SIGNALS
ХМ -- УШТЕ ЕДНО ЗЛОСТОРСТВО ШТО НЕМА ДА МОЖЕМЕ ДА ГО РЕШИМЕ.
АЈДЕ ДА СЕ ПОШТЕДИМЕ ОД НЕВОЛЈИ -- ВАМУ, СТАВИ ГО ВО ОВАА КЕСА И ФРЛИ ГО ВО РЕКАТА.
ИЗВИНЕТЕ - - ЈА НАЈДОВ ОВАА РАКА ПОД МОЈАТА ПЕРНИЦА УТРОВО И - -
ЧЕКАЈ МАЛКУ КЛАЈН, МИСЛАМ ДЕКА СЕПАК ЌЕ ГО РЕШИМЕ СЛУЧАЈОТ.
-- МИСЛЕВ ДЕКА ЌЕ МИ ГО ВРАТИТЕ ЗАБОТ --
БУУУААААА!
АУФ! ЕЈ ДОКТОРЕ ВНИМАВАЈ!
О, МОЛЧИ МОРЕ!

22


АВАНТУРИ ВО НАУКАТА
МНОГУ ЛУЃЕ НИ ПИШУВААТ ДЕКА ИМААТ ЦРВИ И КЛАВИР И ДЕКА ИМААТ ПРОБЛЕМИ ДА ГИ РАЗДВОЈАТ.
Е ПА ЛУЃЕ, СÈ ШТО ВИ ТРЕБА Е ЕДЕН ДОБАР ТЕЖОК ЧЕКАН.
ВИДЕТЕ -- ОВДЕ ИМАМ ЕДЕН ОБИЧЕН ЗЕМЈЕН ЦРВ И ЕДЕН ГОЛЕМ КОНЦЕРТЕН КЛАВИР НО НЕ СУМ СИГУРЕН КОЕ Е ШТО, ПА ГО ЗЕМАМ-МОЈОТ ТЕШКИЧОК ЧЕКАН И...
А! ОВА МОРА ДА Е ЗЕМЈЕНИОТ ЦРВ ЗАТОА ШТО ПРОИЗВЕДУВА ОДВРАТЕН КАШЕСТ ЗВУК.
QQRK!
А ОВА МОРА ДА Е ГОЛЕМИОТ КОНЦЕРТЕН КЛАВИР БИДЕЈЌИ ПРОИЗВЕДУВА ГЛАСЕН ГРУБ РЕЧИСИ... МУЗИЧКИ ЗВУК.
BLANG
ЕДНОСТАВНО ЗАР НЕ?
ПРОДОЛЖЕТЕ И ПОНАТАМУ ДА ИСПРАЌАТЕ ПИСМА.
ПРАЌАЈТЕ ГИ СВОИТЕ НАУЧНИ ПРАШАЊА ДО: АВАНТУРИ ВО НАУКАТА ТОРОНТО, ОНТАРИО, КАНАДА
CWDB 84
23


THE MAN WHO COULDN'T STOP
ЧОВЕКОТ ШТО НЕ МОЖЕШЕ ДА ПРЕСТАНЕ
ЈАВНО КУПАТИЛО
24


ХМ... ИЗГЛЕДА НЕ МОЖАМ ДА ПРЕСТАНАМ.
CWDB 85
25


ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН
ВО ЗАТВОР
ХМ... КАДЕ СЕ ЧУВАРИТЕ?
ТИЕ МИ РЕКОА ДА ДОЈДАМ ОВДЕ.
... БИ ТРЕБАЛО ДА ИМАШ ЧУВАРИ СО ТЕБЕ.
УФ... СЕДНИ.
26


ХМ -- ШМИНКАТА НЕ САКА -- ХМ -- ТВОЈАТА КОЖА Е БЕЛА?
ДА.
SNIP
SNIP
SNIP
ОХ -- ИЗВИНИ. ЗАБОРАВИВ ДА ТЕ ПОКРИЈАМ СО ЧАРШАВ.
SCRATCH SCRATCH
CLICK CLACK
CWDB 84-85
27



ЛИФТ ОПЕРАТОРОТ РОБЕРТ
BY: JULIE DOUCET 1992
MAIL
ЗДРАВО ЧАРЛИ!
ЗДРАВО РОБЕРТ!
MAP
PRICES
ЛИФТ
КОН УЛИЦАТА ОЛИВА
MAP
ЗДРАВО РОБЕРТ... ДОБАР?
ЗДРАВО ПОЛ, ДОБАР СУМ, ДОБАР СУМ...
N
ONE


'АЈ СО СРЕЌА ДЕНЕС!
СЕ ГЛЕДАМЕ УТРЕ.
ТИВКО СЕГА.
АЛБЕРТ!
ГОРЕ↑
ЧЕКАЈ АЛБЕРТ ЧЕКАЈ!


ДОЛЕ↓...
ГОРЕ↑
ЧАК!!! ПОВТОРНО НЕ СИ ГО ИЗБРИЧИЛ ЈАЗИКОТ!
ПОДОЦНА...
HOT
ЌЕ ЗЕМАМ ЕДЕН
СИГУРЕН?
HOT DOGS
THREE
ДОЛЕ ↓


ММM БЛАГОДАРАМ!
ГРИЦ ГРИЦ
ШМРК? ЕЕЕЈ!
ЗНАЕШ ЛИ ОД ШТО СЕ ПРАВИ ХОТ ДОГ?
ЏВАК ЏВАК
ВО НИВ ИМА САМО 15% МЕСО, 38% ХЕМИКАЛИИ, 41% МАСНОТИИ И 6% НЕПОЗНАТО!!!
ЕВЕ ЈА ЛИСТАТА...
ГОЛТ!
ОХ! ГЛЕДАМ НЕ ВОДИТЕ СМЕТКА ЗА СЕБЕ! ...САМО ТАКА, ЈАДЕТЕ!!!
ГЛУПАК!!!
ХА ХА ХА
ДОЛЕ
ШЕПШЕП ШЕПШЕП
ХИ! ХИ! ХИ!
МОЕТО КУЧЕ...ОФ КАДЕ МИ Е КУЧЕТО? ПО ЃАВОЛИТЕ!!
FOUR


СЕ НАВИКНАВ НА КУЧЕТО...ФИНО КУЧЕ...АКО...ЌЕ ВИ...
ГОЛТ ГРРР!
...ПОКАЖАМ! МОЕТО КУЧЕ... ФЛУФИ...ДА Г-ДИНЕ!
ЧАО РОБЕРТ ПЕТ Е, МОЈОТ ФУСТАН...
ХА!
ФЛУФИ КАДЕ СИ?
EXI
LOST
OMAR
JD 1992
END



KAPITALISM
ART YOUNG (околу 1920)

## КАПИТАЛИЖАМ, СТРИП НА СИНИША ЦВЕТКОВСКИ

Вториот домашен стрип во овој Лифт е дело на Синиша Цветковски, бившиот член на бившата арти-герилска група Зеро (во која, патем, членуваа двајца - кои денес веројатно се меѓу најдобрите уметници во Македонија - И. Тошевски и А. Станковски, кои - какво фино чудо! - особено имаат заслуги за македонскиот стрип /Тошевски некогаш, Становски сега/). С. Цветковски е третиот Зеро-стрипаџија, иако тенденција на сите нив (како и на овој Лифт воопшто) е стрипот да го вклопат во некои пошироки мултимедиски трендови и конечно (со иронија, артифициелност, колажирање...) да го извлечат од бедната еднодневна трафикантска судбина...

Инаку, стрипот пред вас, ***Капиталижам***, иако прилично "панкерски" и во крајна линија непоентиран до крај, примерено - црно и какофонично, од аспект на аутсајдер - го отсликува нашево бедно современие во кое и нема кој знае што освен рудиментираност: секс, политика, храна.

***Капиталижам*** инаку е во боја, и вака црно-бел делумно губи од благата светкавост на оригиналот, па се́ станува за нијанса потемно отколку што е. Или се лажам?

*Abbe Buzoni*


КАПИТАЛИЗАМ
КОНЕЧНО КАПИТА– ЛИЗАМ
ЦРТА & ПИШУВА
КЛЕРК ГЕБЕЛС
BMW
, MMMMM
SUZUKI!
ИЗДАВАМ СТАН, ЦЕНТАР, ЕДНОСОБЕН 1000 DM


ВИСТИНСКАТА ЉУБОВ НИ СЕ ВРАТИ
МА-МА
СНЕНЕЦ ЛЕНИ MARS
СОНИШТАТА СТАНАА РЕАЛНОСТ
COPY
СЕКОГАШ HIGH
НИКОГАШ DOWN


ШВАРЦЕНЕГЕР,
РАМБО,
ВАН ДАМ
МОЈОТ
ГАЗДА Е
ПРЕКРАСЕН
ЧОВЕК...
UNPROFOR,
UNICEF,
USA....
UB 40,
ММММММ
23459


4
НЕГОВИОТ СИИ Е ПРЕКРАСЕН НЕГОВАТА ЖЕНА Е..... МММ....
МАЛБОРО, ВИСКИ, МЕЗАЛ'К
MASTER MASTER
IN, OUT, COOL, FOOL...!
66, 67, 68 69FM...
101, 102, 103FM


И ДОДЕКА ГРАДОТ СПИЕШЕ...
HERBALIFE, DIET 7....
5
РОБА, ГРАМ, ГАН...
ПАДНА ПРВИОТ СНЕГ,
КУЧИЊАТА ЗАВИВАА, БЕБИЊАТА ПЛАЧЕА, ВАМПИРИТЕ БАРАА ЖРТВИ.


ХЕРОИН
КОКАИН...
ХЕПТАНОН
МЕТАДОН.
HASTA LA
VISTA
BABY!
... НИЕ
МАКЕДОН-
ЦИТЕ
MASTER
MASTER
POISON,
SHANEL,
LOULOU....
I, LOVE
B.J.P.M.


СТРАНСКА ФИРМА БАРА ВРЕДНИ РАБОТНИЦИ
ЖЕЛЕЗАРА МНТ МАЛАСТАНИЦА
1 АПРИЛ


COPY
BODYBUILDING
BODY GIARD
БОДИ, БОДИ!..
COPY
КОМПЈУТЕРИ,
АЛАРМИ,
ЛАСЕРИ....
?
7 8
НИЕ
МАКЕДОНЦИТЕ
НИЕ
МАКЕДОНЦИТЕ..:
B 9
ДЕВИЗИ
ЧЕКОВИ
КЕШ...
THE END

## *Џудит О'Саливен*

# ИСТОРИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ СТРИП

## ПРВ ДЕЛ: СТРИП, МЕДИУМ И ПОРАКА

Од памтивек човекот творец комуницирал со помош на збор и слика. Меѓу неговите дела се и главните цивилизациски монументи кои содржат привлечни визуелизации и неодоливи текстови. Во таквите ремек дела се вбројуваат муралите на древниот Египет, кои ползуваа (користеа) хоризонтални шари наречени регистри (показатели) за да укажат на просторниот и временски развој (прогресија); класичните релјефи, и грчки и римски, што ги опишувале Хомеровите епови или актуалните настани со повторување на препознатливи симболи во една разоткривачка ѕидна декорација или спирален континуум; и средновековните везови, таписерии, обоени (црковни) стакла, што ги објаснуваа религиозните тајни и националните настани со помош на поедноставени физиогномски знаци во симболички поставки.

Во секој од овие случаи, имплицитната порака на сликата беше зајакната со придружувачкиот текст, кој и самиот стана елемент на уметничката композиција.

Во рамките на оваа грандиозна традиција на слика и поезија се разви оригиналниот американски уметнички облик, стрипот, и неговата специфична естетика, естетика диригирана од побарувањата на пазарот и од сензибилитетот на неговите читатели. Со своето богато различие, стрипот со години комуницира преку различни изуми, (замисли, начини) вклучувајќи ги постојаната нарација, множеството карактери кои повторувано се појавуваат од рамка до рамка и акцијата што напредува од лево кон десно; калиграфската карикатура, која ги прави протагонистите и нивните соперници веднаш препознатливи; планот (нацртот) на лица и гестови што ги изразува акциите и реакциите на карактерите; апстрахирањето на акцијата, сликовната стенографија (ракопис), универзално разбирлива, во која експлодирачките линии посочуваат ненадеен удар, ѕвездичките за несвесна состојба, идеите со запалена сијалица, и мислите со надувани балони; литературните преданија, изразени во балон, расветлени со визуелна стриповска порака; и посебните изреки, како што се "Banana Oil!" "Zap!" и "Pow!" кои што ја повишуваат екстремната емоција или акција манифестирана од страна на карактерите.

Преку таквите изуми, создавачите на стрипови ги изразија највисоките човечки стремежи и најмрачните човечки стравувања. Од неговото раѓање во 1892 год., медиумот забавуваше, толкуваше,

сатиризираше, и шокираше, држејќи му магично огледало на американското општество. Во истото време, како што забележа доцнежниот историчар на комуникации Маршал Меклуан (Marshall McLuhan), стрипот, претставувајќи карактери кои веднаш стануваа љубимци и идоли на читателите, доведе до "извесен вид магиски ритуал што секојдневно се повторува ... кој има многу поинаква функција од еднакво популарните уметнички форми како што се спортската страница и детективската проза."

Од неговото раѓање на страниците на американските весници преку неговото адаптирање во форма на книга, медиумот на стрипот имаше свои неспорни мајстори. Тие работеа во за себе својствени стилови кои се разликуваа еден од друг со извежбаната ингенијалност во изразувањето на личните општествени визии додека го прилагодуваа нивното дело да биде разбирливо за пошироката публика. Надминувајќи ги и внатрешните ограничувања на медиумот и надворешните околности на неговото потекло, големите практичари на оваа графичка уметничка форма зеле едноставна низа од паноа "озвучени" со текст, давајќи му со тоа глас на автентично доловеното американско искуство. Уште повеќе, стрипот постигна високо ниво на уметничка и литературна исклучителност во рамките на една интензивна комерцијална околина и покрај напати непријателскиот прием од страна на критиката, судовите и законотворците.

Во почетокот, пред сé, стриповите беа сфаќани како медиум за забава. Оваа функција продолжува и денеска; во зборовите на Бил Грифитовиот (Bill Griffith) Zippy the Pinhead (Зипи /брз/ празноглавиот): "Дали сé уште се забавуваме". Но оваа функција никогаш не ја беше ограничила визијата на нашите најславни стрип-уметници, кои ги рефлектираа во своето дело, понекогаш затскриено, често и експлицитно, дневните проблеми и настани. Темите за општата алчност и за деструкцијата на околината прозвучуваа во делата на стрип мајсторите од Меккеј (McCay) до Крамб (Crumb). Парадирањето на идеологиите, од конзервативните визии на Харолд Греј (Harold Gray), Честер Гулд (Chester Gould) и Ал Ќап (Al Capp), преку хуманистичките соништа на Волт Кели (Walt Kelly), Жил Фајфер (Jules Feiffer), и Никол Холандер (Nicole Holander), до радикалниот протест на андерграунд цртачите, доаѓаше до израз во стрипот. Катаклизмичките настани во ова столетие, Големата криза, двете светски војни, Холокаустот, беа теми за потентното графичко перо на мајсторите. Големите стрипови се преполнети со значајни теми и историски движења, вклучувајќи ги граѓанските права, феминизмот и уставната загарантираност на слободното изразување. Накратко, читањето на американските стрипови е читање на општествената историја на XX век. Целта на овој труд е да ги испита достигнувањата на нашите најголеми уметници, чии дела го огледуваа и трансформираа тогашното време, и да воведе една нова генерација на цртачи чии дела ја продолжуваат оваа горда традиција.

Раѓањето на оваа национална уметничка форма, стрипот, е тесно поврзано со американската урбанизација како пресврт на векот и со комуникациската експлозија која ја создава и револуционизира американската новинска индустрија. Иако илустрираните неделни весници како што се *Gleason's* (1852). *Leslie's* (1855) и *Harper's* (1857) веднаш постигнаа популарност, откривањето на фотогравурата во 1873 год. овозможи за прв пат евтино илустрирање на весниците. Издавачите брзо сфатија дека една слика вреди илјадници зборови и дека илустрацијата, всушност, може значително да го прошири кругот на нивните читатели во градовите проголтани од новодојдените Американци кои често не зборувале англиски. Затоа американските весници одеднаш стануваат многу пославковити и пообилни. Така започнува битката помеѓу новинските титани кои мораа да ја употребат инфантилната уметничка форма како смртоносно оружје. Гигантите издавачи како што се Вилијам Рандолф Херст (William Randolph Hearst), Џозеф Пулицер (Joseph Pulitzer), Џејмс Гордон Бенет Помладиот (James Gordon Bennett Jr.), и Џозеф Медил Патерсон (Joseph Medill Patterson) се натпреваруваа еден со друг за да ја заробат имагинацијата на татковината. Безмилосни еден кон друг, овие




***Winsor McCay**, Little Nemo in Slumberland, 22.11.1908.*

Малиот Немо на Винзор Меккеј е стрип што го истражува светот на подсвесното. Секоја недела тенкиот, мал Немо, симбол за Никого и Секого едновремено, се бори со гигантски агресори, вклучувајќи луѓе и животни, во потрага по Утопијата олицетворена во недостижната принцеза и во самиот Сламбар.

новински магнати спонзорираа прекуокеански трки и белосветски истражувања, истовремено приграбувајќи репортери кои ќе ги опишат спектакуларните настани и уметници кои што ќе ги илустрираат.

Ракавицата во битката за новинска надмоќ беше фрлена на 25 септември 1895 год., кога, предизвикувајќи го својот итар ривал, Џозеф Пулицер, Херст го стекна *New York Morning Journal* од Џон Меклин (John R. McLean), кој претходно го беше купил од Пулицеровиот брат Алберт. Веднаш согледувајќи ги потенцијалите на стрипот за зголемувањето на тиражот, Херст во 1896 год. го фати на препад Пулицеровиот *New York World*, обезбедувајќи ги услугите на стрип-уметникот Ричарт Фелтон Ауткалт (Richard Felton Outcault), соработник на *American Humorist*, стрип додаток на *Journal*. Ауткалт е творецот на популарниот гето (***slum***) стрип *Hogan's Alley* (Хогановиот сокак) во кој улогата на главен протагонист ја игра Yellow Kid. Историчарот Стивен Бекер (Stephen Becker) тврди дека Кид бил зачнат кога на "Чарлс Салбур (Charles Saalburgh), помошник во работилницата за печатење во боја, му требало отворено парче бел простор кое пресите би можеле да го печатат жолто. ... Еден од ликовите во "Hogan's Alley" е непослушниот немирко со ретки заби облечен во нешто налик на бела пижама. Салбур ја одбрал пижамата како подрачје за тестирање на неговиот процес." Оттогаш и терминот *жолт печат (yellow journalism)*, за кој популарно се претпоставува дека е изведен од Yellow Kid, се применува на весниците кои се одликуваат со сензационално известување и сомнителен приказ како средства за привлекување на читателите.

Во 1896 год. Херст објавува дека Journal ќе го издава првиот додаток за стрип - осум страници полихроматски сјај кој ќе направи виножитото да личи на оловна туба". На Пулицерова вчудоневиденост, скапоцен камен во круната на Херстовиот додаток за стрип е *The Yellow Kid*, новиот стрип базиран врз поранешните протагонисти од *Hogan's Alley*. За да возврати Пулицер го овластува уметникот Џорџ Лукс (George Luks), кој подоцна ќе стане национално озлогласен како член на уметничкиот круг познат како Ash Can School, да создаде контра *Yellow Kid* за *World*.

Во 1897 год. Херст располагаше со услугите на германскиот имигрант Рудолф Диркс (Rudolf Dirks), кој ги создаде *The Katzenjammer Kids* (Мамурливите дечишта), хумористичен детски стрип заснован на Вилхèлм Бушовиот (Wilhelm Busch) *Max und Moritz* (книга што уживаше огромна популарност во германско-американската заедница.) Како контра удар, Пулицер го доведува незадоволниот Диркс во *World*, каде што неговиот стрип почнува да се појавува од 4 јуни 1914. Разгневениот Херст, преземајќи легални чекори, ги добива правата за името *Katzenjammer Kids*, после тоа цртан за *Journal* од Харолд Кнер (Harold Knerr). Во *World*, сепак, Диркс ја продолжува својата креација под различни наслови, прво како "*Hans and Fritz*, потоа - како одговор на анти-германскиот сентимент од Првата светска војна - *The Captain and the Kids*, и од 1918 до 1920 год., *The Shenanigan Kids*.

Во 1912 год., Херст го формира International News Service, првиот синдикат, во голема мера редуцирајќи ги можностите за повеќе верзии на еден ист стрип. Три години подоцна тој го создава King Features Syndicate, нова гранка на International News. Другите издавачи брзо го следеа. Наскоро продуктивните King Features се соочија со конкуренцијата на Chikago Tribune - New York News Syndicate и United Feature Syndicate.

Таквите синдикати беа во состојба да исполнуваат задачи кои ги надминуваа моќите на индивидуалниот автор или уметник. Навремено снабдувајќи ги со стрипови весниците низ целиот свет, тие му гарантираа на популарниот креатор голема финансиска добивка, а ги контролираа и правата на прикажувањето издејствувајќи процент од хонорарите платени за нив.

За да ја поедностават нивната мисија, синдикатите ја продолжуваат и рационализираат новинската практика на категоризирање на стриповите по теми. Како што забележа Стивен Бекер, "годините од 1907 до 1920 ја видоа првата голема кристализација на американскиот стрип, кога основната линија на главни категории стана очевидна: двојки во брак; деца; авантура; девојки; животни; лакрдии."



Антиципирајќи ги пазарите, синдикатите исто така ги охрабруваа уметниците да создаваат стрипови за нова публика. *Little Orphan Annie*, на пример, беше создадена во 1924 год. на заповед на Џозеф Медил Патерсон за Chicago Tribune - New York News Syndicate. *Buck Rogers*, беше создаден во 1929 год. по сугестија на Џон Флинт Дил (John Flint Dille) од Nacional Newspaper Service. Во поново време, синдикатите одговорија на темите и барањата на одделни конституенти. Во 1965 год. Виетнамскиот конфликт беше инспирација за краткотрајните *Tales of the Green Berets*, сага чие што време сѐ уште не е пристигнато. А во 1968 год. движењата за граѓански права го стимулираа *Dateline Danger*, првиот стрип-авантура во целост; *Luther*, детски гето стрип на афро-американскиот уметник Брумсик Брандон (Brumsic Brandon); *Friday Foster*, приказна по црнечки ници за стрип.

И покрај овие ограничувања, медиумот привлече големи уметнички авторски имиња. Преку нивните визии за цивилизацијата, нивните соништа и незадоволства, моќно изразени во една инвентивна насока и јазик, пионерите како што се Винсор Меккеј, Лајонел Фајнингер, Џорџ Хериман, Џорџ Мекманус, Хералд Фостер, Хералд Греј, Честер Гулд, Ал Кап, Милтон Каниф, Алекс Рејмонд, Барни Хогарт, Волт Кели, Вил Ајснер, Дејл Месик, Жил Фајфер и Никол Холандер беа во состојба да ги надминат ограничувањата на еден комерцијален медиум и да го трансформираат во заведливо и забавувачко средство за цела Америка.

Една од најиздржливите и најпривлечни стрип теми беше невиноста на Некого или Некоја или Нешто, дете, мачка,




*Walt Kelly, Pogo, 05.05.1953*

Волт Кели во овој каиш на славниот стрип Пого го изложува на сатира злогласниот сенатор Макарти, овде во улога на (мачорот) *Simple J. Malarkey* кој на свој начин влегува во клубот на "Набљудувачи на птици".

модел; и, во 1970 год., *Quincy* на Тед Ширер (Ted Shearer), детски стрип поставен во централниот дел од градот.

Синдикалноста, како орудие на пазарот, секогаш зависеше од популарноста. Со единствениот исклучок на Џорџ Херимановиот *Krazy Kat*, кој никогаш не уживаше широка публика туку му беше омилен на Вилијам Рандолф Херст, стриповите што не привлекуваа масовно читателство беа отфрлани. За да ја проценат популарноста на стриповите синдикатите користеа читателски преглед. За да осигураат дека стриповите не се отуѓуваат од нивната публика, весниците вработуваа голем број персонал, вклучувајќи и уредили будалетинка. Меѓу првите детски ликови беше Ауткалтовиот погореспомнат *Yellow Kid*, решителниот бељаџија кој престојува во имагинарниот стан во *Hogan's Alley*, кој прв пат се појави на 5 мај 1895 год. во *New York World*. Во овој стрип Ауткалт го востанови архетипот на "лудиот мудрец" како општествен коментатор. Енормно популарна, урбаната поставка на стрипот, пренатрупаните рамки, експресивниот стил, и ударниот хумор рефлектираа една земја во транзиција, една земја со брзорастечки градови и имигрантска популација. На овие нови американци *Hogan's Alley* им беше пријатна и блиска, потсетувајќи на преполнетите згради за изнајмување и етничките соседства на







***Otto Soglow**, Sentinel Louie* and *The Little King, 18.08.1935*

Еден од најекспонираните архетипови во стриповите е оној за аутсајдерот-проникливец, без разлика дали тој (таа) е дете, лудак или чудак. И Малиот Крал на О. Соглоу ја игра улогата на дивјак кој низ својата луцидност отвара прозорец во еден стар свет.




*Rudolph Dirks, The Captain and the Kids, 6.6.1937.*

**Креиран од германскиот имигрант Рудолф Диркс, стрипот *Капетанот и децата* е хроника на авантурите на палавите бељации Ханс и Фриц (кои се директно инспирирани од Бушовите Макс и Мориц). Овој стрип често ги карикирал обичаите на разни етнички групи. Таквите груби шеги значително се намалиле откако во синдикатот на стрип-цртачите почнале да влегуваат и афро-американци.**

Њујорк од почетокот на дваесеттиот век, модерната Вавилонска кула, во која се комуницираше преку гестови и пантомима.

Друг истороден стрип што вклучуваше детски протагонисти беше *Buster Brown*. Започнат од Ауткалт во 1902 год. наменет за повисоката класа, со аудиториум од предградијата, *Buster* прикажуваше сталожени ликови, уредени прогресивно во поедноставени поставки; бесшумен дијалог, изобилен и дидактичен; и завршен морализаторски пример. Стрипот беше толку успешен што со децетлетија служеше како водич за детската мода.

Додека *The Yellow Kid* ја величаше виталноста на имигрантското урбано искуство а *Buster Brown* задоволствата од мирниот селски живот, Винсор Меккејовиот *Little Nemo in Slumberland* (1905) го истражува светот на потсвесното. Неговото публикување коинцидира со психоаналитичките истражувања на соништата на Сигмунд Фројд и Карл Густав Јунг, *Little Nemo* е сместен во царството на Морфеј, палатата на потсвесните наслади во која се водат архетипските конфликти, вклучувајќи ги и оние помеѓу младоста и староста, акцијата и рефлексијата, машкоста и женскоста. Иако цртан во змијоликите линии на art nouveau, *Little Nemo* ги антиципира експлицитните бекства во соништата на надреалистичките сликари, кои исто така ги суспендираа и пресвртија физичките закони што важат за свесното постоење. *Little Nemo* беше првиот растегнат стрип текст, неговата епска приказна се одвиваше во период од цели пет години. Без разлика дали епизодни или епски, многу од првопројавените стрипови го воведоа како протагонист визионерот што стои од страна. Неми, налудничави, деца, и животни ја сочинуваа популацијата на првите стрипови. Happy Hooligan (1900) на Фредерик Бар Опер (Frederick Burr Opper), Count Screwloose (1929) на Милт Грос, Henri (1932) на Карл Андерсон (Carl Anderson), Little King (1934) на Ото Соглов (Otto Soglow), и богатото различие од мачешки коментатори кои што, почнувајќи со Krazy Kat (1913) на Џорџ Хериман играа улоги на мудри будалетинки, остроумно интерпретирајќи ја нашата суетна разузданост.

*превод:* Ж.Трајаноски
*извор:* ***Great American Comic Strip, Judith O'Sullivan, 1990.***

# SIGNED BY WAR

*Минатата година (од 16 до 21 септември), во најстарата европска стрип антикварница "Ламбиек" во Амстердам, беше одржана меѓународна стрип-изложба под наслов* **"Потпишано со војна"**. *На изложбата учествуваа делата на 36 цртачи од целиот свет, а учествуваа и цртачи од Хрватска, Словенија и Србија. Делата се состоеа од една или две табли стрип со антивоена тематика. По повод изложбата објавена е и книга со истиот наслов, која ги содржи сите дела од изложбата, историјата на југословенскиот стрип 1935-1991, современиот стрип во Хрватска, Словенија и Србија, биографиите и контакт-адресите на сите стрип-цртачи и авторите на текстовите.*
*Целава акција беше организирана од* **AWA** *Фондацијата (Anti War action) од Холандија.*
*На следната страна ви претставуваме два стрипа од книгата.*



## Edmond Baudoin





## Peter Kuper










# ТЕМПЛУМ




## НЕОБИЧНОСТ ПАМЕТ ХУМОР

# *кој е бр 1. за графички дизајн во градов?*



КОМА

☎ 31 11 22 — Graphics & DTP lab. —

# *...сигурно!*

J. JOHNS

# ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ НА ЛИФТ:




СТАНКОВСКИ/ВУЛКАНСКИ
**ЛАБРИС, ТУНЕЛ НА СТРАВОТ И УЖАСОТ**



ЧЕСТЕР БРАУН
**ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН**
(2 ДЕЛ)

ТАТКОТО НА АНДЕРГРАУНД СТРИПОТ, Р. КРАМБ, ВО ЛИФТ!




КОМА
☎ 31 11 22 — Graphics & DTP lab. —